Бр. 12 - 1924/3
19 -11 год. 2019

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), постапувајќи по пријава од подносителот --------- ---------- од Б-------, Државната комисија за спречување на корупцијата на 24-та седница одржана на ден 15.11 2019 година ја донесе следната

## **Одлука**

Постапката по предметот оформен по пријава број 12- 1924/1 од 23.03.2019 година, поднесена од подносителот --------- ---------- од Б-------„ СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот со број 12- 1924 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12- 1924/1 од 23.03.2019 година.

Предметот со број 12- 1924 од 2019 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12- 1924 од 2019 година е оформен врз основа на пријава со бр. 12 - 1924/1 од 23.03.2019 година доставена од подносителот --------- ---------- од Б-------.

Добиената пријава содржи наводи за незадоволство од постапка за вработување на член од семејството (син) и со наводи за сомневања за злоупотреби на службени лица и поради кои не е/бил избран за кандидат за вработување како резултат на незаконитото постапување на раководно(и) лице(а) на институцијата од која е/бил објавен оглас за вработување.

Заради целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, Државната комисија за спречување на корупцијата побара од подносителот на пријавата да достави точни податоци за јавниот оглас за вработување - број на јавниот оглас, копија од поднесената пријава на огласот, условите за работното место за кое била поднесена пријавата за вработување и други информации и копии од документација со кои располага, а кои ќе послужат за соодветни проверки на постапувањето на службените лица во предметната постапка за вработување.


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

На седницата, по разгледување на сите наводи на предметниот пријавен случај, ДКСК констатира дека во случајот не се добиени дополнителните податоци и информации побарани од подносителот на пријавата по што, оцени дека Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за свое натамошно постапување во предметниот случај.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 15 ноември 2019 година под бр. 12- 1924/3**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk